ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-1591/1
12.12.2018 год.
СКОПЈЕ

**ДО:**
**Членовите на ИЗБОРНОТО СОБРАНИЕ НА**
**Здружението на новинарите на Македонија**

# И З В Е Ш Т А Ј

## На Надзорниот одбор на Здружение на новинарите на Македонија

*12.12.2018г., Скопје*

Согласно овластувањата и Правилникот за работа на Надзорниот одбор на ЗНМ, членовите на ова тело го изготвија следниот извештај со заклучоци за сопствената работа и работата на ЗНМ

Заклучоците се изведени врз основа на претходно одржани седници на Надзорниот одбор и приложените финансиски извештаи од страна на раководството на ЗНМ, а во кои имаа увид сите членови на Надзорниот Одбор.

Главна карактеристика на извештаите за Финансиско-материјалното работење на ЗНМ во овој период е што тие содржат и ревизорско мислење од Ревизорската куќа Ефект плус и образложение од страна на Извршниот директор на ЗНМ, Драган Секуловски, иако независното ревизорско мислење не е обврска на ЗНМ.

Членовите на Надзорниот одбор, го прифатија извештајот за Финансиско-материјалното работење на ЗНМ за 2017-2018 г. и упатија неколку забелешки кон истиот.

Надзорниот одбор за позитивна тенденција го цени фактот што најголемиот прилив на средства, околу 90%, ЗНМ го определува од донации од странски донатори врз основа на проекти, но и натаму стои обврската ЗНМ да го зголеми приливот на средства врз основа на членарина, кој сега останува на ниво од 4% од вкупниот износ на остварен приход и е мал и незадоволителен според странски експертски укажувања. Остатокот од приливот на средствата во ЗНМ е од приход од наемнина од просторот познат како Клуб на новинари кој се изнајмува на надворешно правно лице кое се бави со обуки за програмски јазици. Начинот на трошење на средствата од странски донации е наменски, како што пропишува проектот, а верифицирана е потрошувачката од страна на донаторот на средствата за проектот, што е дополнителен влог кон ставот за одговорноста на менаџментот за објективно презентирање на извештајот. За ова како и за останатите ставки за трошење, позитивно се има изјаснето и горенаведената ревизорска куќа.

Надзорниот одбор, исто така за позитивен го цени фактот, што сите плаќања речиси 98% се вршени по електронски пат преку ТРС, што е дополнителен мотив на членството на Надзорниот одбор за позитивно изјаснување кон Извештајот за финансиско-материјалното работење на ЗНМ.

Се поздравуваат напорите на раководството на ЗНМ за ангажманот за обезбедување проекти, а со тоа средства од странски донори, иако би го имале истиот став и кога проектите би биле и од домашни донатори. Најголем број од странските проекти се одвиваат преку Делегацијата на Европската унија во Скопје, директоратите при Европската Комисија како и амбасадите на САД, Швајцарија, Франција, Велика Британија. Освен тоа ЗНМ ја продолжува соработката со Фондацијата Конрад Аденауер од Скопје и Софија но и воспостави нова соработка на ниво на проекти во 2018 година со канцеларијата на ОБСЕ, УНХЦР и УНДП во Скопје. Се поздравува соработката со Европската федерација на новинари, Репортери без граници, ИПИ институт од Виена, СЕЕМО, МЛДИ од Лондон итн. А, од соработка со локални медиумски организации ЗНМ одржува интензивна комуникација со Советот за етика на медиумите во Македонија, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, Македонскиот институт за медиуми, Македонскиот центар за медиуми и останати.

Од прегледот на досегашните финансиски извештаи во целост, Надзорниот одбор заклучи дека со средствата на ЗНМ, раководството управувало добро и во насока на што поуспешно функционирање на ЗНМ. И од приложениот последен извештај, не се утврдени ставки во кои и за кои раководството ја злоупотребило својата позиција или дека се направени трошоци надвор од пропишаните обврски.

## З А Б Е Л Е Ш К И

Во изминатиот период Надзорниот одбор еднаш му забележа на раководството на ЗНМ за тајмингот на презентација на Финансиските извештаи, но и излегува со разбирање поради интензитетот и квантитетот на обврските на раководството. Сепак земајќи предвид дека за 2018 година претставен е пресек од 9 месеци за работата на ЗНМ, образложението за доцното испраќање на ревизорските извештаи се прифаќа.

Надзорниот одбор исто така забележува треба да се продолжат судските постапки против управителот и правното лице кои ги немаат исполнето обврските за користење на Клубот на новинари за 2017 година.

## СТАВОВИ ПОВРЗАНИ СО ОСТАНАТОТО РАБОТЕЊЕ НА РАКОВОДСТВОТО НА ЗНМ

Надзорниот одбор го поздравува ангажманот на раководството на ЗНМ во контекст на соработката со институциите околу креирање на нови законски решенија како што се Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот авторски и други сродни права, Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда како и Кривичниот законик. Исто така, Надзорниот одбор го поздравува ангажманот на ЗНМ во промоција на саморегулацијата во медиумите и во поддршката на работата на Советот за етика на медиумите.

Надзорниот одбор го подржува ангажманот на Извршната канцеларија на

ЗНМ во обезбедувањето на нови бенефиции за членството на ЗНМ како што се паркирање во центарот на Скопје на паркинзите на ПОЦ, бесплатното користењето на услугите во СЦ Борис Трајковски, попустите за јавен и комерцијален превоз, но и попустите кон други комерцијални лица. Исто така, добро е што претходните бенефиции како што е бесплатната правна помош и понатаму функционираат. Доколку ЗНМ продолжи во насока на одржување на овие бенефиции и обезбедување на нови за своето членство новото раководство, во консултација со членството, потребно е да размисли за зголемување на износот на годишната членарина со цел обезбедување на поголема финансиска автономија.

Освен ова, Надзорниот одбор препорачува да се зголеми бројот на вработени лица во Канцеларијата заради зголемен број на членството и обем на активности.

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

Дарко Чекеровски